**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-135/4**
**Скопје, 06.12.2024 година**

Записник од десетта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 06.12.2024 година

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа м-р Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димириеска ја отвори десетата седница на Советот. Констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред.

1. Усвојување на записниците од 7-та, 8-та и 9-та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ,
2. Разгледување на предметот ДОВ бр.30/24,
3. Номинирање на заменик член на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители,
4. Разно

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, едногласно беа усвоени записниците од 7-та, 8-та и 9-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека поради заштита на угледот и интегритетот на јавните обвинители на кои се однесува овој предмет смета дека согласно Законот за Советот и Деловникот за работа на Советот јавноста треба да биде исклучена од оваа точка од дневниот ред. Воедно го стави на

гласање предлогот. Едногласно членовите на Советот го прифатија предлогот на претседателот на Советот по што јавноста ја напушти седницата. Откако јавноста ја напушти седницата, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на службените белешки доставени до Советот од страна на ВЈО на ВЈО Скопје, Мустафа Хајрулахи и на ЈО во ВЈО Скопје, Јован Цветановски. Кажа дека е оформен предмет заведен под ДОВ бр.30/24. Истакна дека доставени биле две службени белешки со чија содржина членовите на Советот имале можност да се запознаат, каде јавните обвинители Мустафа Хајрулахи и Јован Цветановски искажуваат дека со постапувањето на Јавниот обвинител на РСМ Љупчо Коцевски било постапено спротивно на чл. 3 од Законот за Јавното обвинителство и непочитувајќи ги принципите на хиерархија и субординација им била загрозена самостојноста и одговорноста на јавните обвинители при вршењето на јавнообвинителската функција. Од службената белешка на јавниот обвинител Јован Цветановски кажа дека ставот на Јавниот обвинител по однос на постапување по предметот кој бил заведен во ВЈО Скопје, а во врска со изјавена жалба од политичка партија на решение донесено од страна на ОЈО ГОКК Скопје со кое е отфрлена кривичната пријава, првично јавниот обвинител приговарал во делот зошто е предметен обвинител, а бидејќи не добил одговор како ќе се реши предметот давал насоки и солуции да се изземе од истиот. Кажа дека и во службената белешка доставена од страна на јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи содржината била слична, дека јавниот обвинител телефонски бил повикан на разговор кај Јавниот обвинител на РСМ, каде конкретно се разговарало за предметот на ОЈО ГОКК Скопје. По однос на овие службени белешки Советот упатил допис до Јавното обвинителство на РСМ, до јавниот обвинител на РСМ за да се произнесе по ваквите наводи, истакна дека истиот доставил известување до Советот на јавните обвинители на РСМ кој истите наводи ги негира, кажа дека била остварена телефонска комуникација со ВЈО на ВЈО Скопје, дека го повикал на средба и дека тоа е единствениот вистинит факт наведен во службените белешки, а станувало збор за подобрување на меѓучовечките односи во ВЈО Скопје, каде што раководи со оглед дека до него од група на вработени било доставен писмен допис каде било наведено дека од страна на ВЈО на ВЈО Скопје е вршен мобинг кон група на вработени. Воедно било наведено дека согласно чл. 37 од Правилникот за внатрешно работење и од Законот за јавното обвинителство како Јавен обвинител има право и надлежност да го повика предметиниот јавен обвинител да го реферира предметот, а одлуката од рефереирањето е задолжителна за јавниот обвинител но никогаш не била искористена таквата можност и дека никогаш нема комуницирано со јавниот обвинител Јован Цветановски. Воедно претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот и со содржината на останатите новоди, наведени во службените белешки доставени до Советот каде што јавниот обвинител на РСМ смета дека нема нарушување на хиерархија и субординација и дека не им била загрозена самостојноста и одговорноста на јавните обвинители при вршењето на јавнообвинителската функција, туку напад врз него за да не се извршат контроли во јавното обвинителство. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Членот на Советот г-дин Ермон Незири кажа дека ги разгледал службените белешки како и одговорот по иститe и дека сите страни излегле со свои аргументи. Лично мислење е дека со оглед дека има два вербални искази од една страна на ВЈО на ВЈО Скопје и јавниот обвинител на РСМ, цени дека при ваква констатација не може да се утврди дека има некакво влијание и дека се се сведува на зборови на две странки што Советот тешко би можел да констатира било какво влијание. Кажа дека по предметот било постапено и дека било донесено решение да истиот биде вратен на првостепено одлучување. Смета дека Советот треба да донесе заклучок дека нема никакво влијание од страна на Јавниот обвинител на РСМ.

Г-ѓа Зорица Павловиќ се приклучи кон ставот и мислењето на г-дин Ермон Незири. Воедно додаде дека јавниот обвинител во ВЈО Скопје, Јован Цветановски не бил во директен контакт со Јавниот обвинител на РСМ и дека сето тоа во службената белешка било опишано како што му било пренесено и според неа од овие искази не може да се утврди дали постоело некакво влијание од страна на Јавниот обвинител на РСМ, а веќе е донесено решение со кое предметот се укинува.

Г-ѓа Марјана Илиеска истакна дека според принципите на хиерархија и субординација како и согласно чл.27 од Законот за јавното обвинителство, Јавниот обвинител на РСМ е одговорен за општите состојби во врска со организирањето и извршувањето на функциите на јавното обвинителство, така што ваквиот став и размислување на Јавниот обвинител на РСМ сметам дека е во границите на одредбите од Законот за јавното обвинителство и со тоа не ја загрозил самостојноста и одговорноста на јавните обвинители во ВЈО Скопје, а од друга страна јавниот обвинител Јован Цветановски немал никаков директен контакт со јавниот обвинител на РСМ, туку тоа му било посредно пренесено од ВЈО на ВЈО Скопје. Со мислење е дека не станува збор за некакво влијание врз самостојноста на вишите јавни обвинители.

Членот на Советот г-ѓа Кети Петкова кажа дека не е спорен фактот дека согласно чл.2 од Законот за Советот на јавните обвинители е предвидено дека "Советот е самостоен орган кој ја обезбедува и гарантира самостојонста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција", но исто така факт е и дека Законот за јавното обвинителство воспоставува принцип на хиерархија и субординацијата. Смета дека Советот во овој мандат се има соочено со ситуации во практичната примена ЗСЈО што дотогаш се немаат случено за да Советот примени некакви одредби од законот. Смета дека можеби сега е и добар момент со оглед дека ќе има измени на Законот за Советот на јавните обвинители со што треба во законот да се дополни и зимени, со оглед дека на Советот му се ограничени ингеренциите, поточно не се пропишани точните процедури како Советот да постапува. Во конкретниот случај кога има поплака од страна на виш јавен обвинител против јавен обвинител на РСМ каде што би можело да се поведе иницијатива пред Собранието на РСМ, но што доколку биде поднесена претставка од страна на јавен обвинител од основно јавно обвинителство за влијание, тогаш Советот нема утврдено процедура како да ја води постапката. Истакна дека има пропишана постапка во однос на оценувањето на јавните обвинители, за гласањето, за приговори, меѓутоа во однос на гаранцијата на самостојноста и

независноста на јавниот обвинител нема пропишана постапка. Кажа дека во дадениот случај Советот има мислења од две страни но истите се спротивставени и Советот во услови кога нема утврдена и пропишана процедура каде ја нема во Законот за Советот и во Деловникот за работа кој што ги применува Советот, Советот не е во можност да изнајде правна форма како да се утврди дали има загрозување на самостојноста и независноста дотолку повеќе што предметниот јавен обвинител постапил по предметот. Од тие причини смета дека Советот не може да постапи поинаку освен да донесе некаков вид на заклучок.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева се согласи со кажаното од страна на колегите и кажа дека имајќи ги во предвид законските одредби за принципите на хиерархија и субординација, како и службените белешки, а во недостиг на дополнителни докази, смета дека во конкретниот случај не е нарушена самостојноста на одлучување на јавните обвинители и во тој правец смета дека Советот треба да донесе заклучок.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска смета дека не може да се утврди дека била загрозема самостојноста и дека образложението кое што го има дадено јавниот обвинител во неговото известување е доволен основ за да се утврди дека нема влијание. Смета дека Советот треба да донесе заклучок со кој овој предмет ќе биде завршен.

**Советот на јавните обвинители на РСМ донесе заклучок дека од сите расположливи докази не е утврдено влијание од страна на дека Јавниот обвинител на Република Северна Македонија врз работењето на вишиот јавен обвинител Мустафа Хајрулахи и јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје Јован Цветановски и дека во конкретниот предмет не е загрозена нивната самостојност во одлучувањето.**

Откако се заврши со точката два од дневниот ред јавноста беше повикана да присуствува на седницата.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја запозна јавноста со заклучокот донесен од страна на членовите на Советот по предметот ДОВ бр.30/24.

Под точка три од дневниот рд Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека претходната седница членовите на Советот биле информирани дека ВЈО на ВЈО Битола Пецо Везироски и Основниот јавен обвинител на ОЈО Куманово Теута Бедиу Рамадани поднеле до Советот барање да јавниот обвинител Пецо Везироски не биде член на Комисијата за полагање на завршен испит од причина што бил ментор на слушател од седмата генерација на академци. Претседателот на Советот кажа дека се има писмено обратено до АСЈО од каде се добил повратен одговор дека бил ментор на слушател од седмата генерација, а не на осмата генерација и дека нема судир на интереси за да биде член на Комисијата за завршен испит на АСЈО. Во однос на ОЈО на ОЈО Куманово г-ѓа Теута Бедриу Рамадани кажа дека постои пречка да биде заменик член на УО на АСЈО со оглед на тоа што веќе е член на Комисијата за завршен испит за слушатели на осмата генерација. Со оглед на настанатата ситуација за заменик член на УО на АСЈО ја предложи Енѓелуше Кадриу Леши јавен обвинител во ОЈО ГОКК

Скопје. Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која за заменик член на УО на АСЈО се назначува јавниот обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје Енѓелуше Кадриу Леши.**

Откако никој не зема збор, претседателот на Советот ја заклучи десетата седница на Советот

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајовски

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Душица Димитриеска